

**КОИ ОД ПРАТЕНИЦИТЕ ОД ВЛАДЕЈАЧКОТО МНОЗИНСТВО НЕ ГЛАСАЛЕ?**

Морачанин, Мухиќ, Поповска, Туфегиќ и Ковачев не гласаа за Законот за употреба на јазиците

Според собраниските листинзи за вчерашното гласање, пратениците од СДСМ и коалицијата **Маја Морачанин, Ферид Мухиќ, Ивана Туфегиќ, Лилјана Поповска и Тања Ковачев не гласале за Законот за употреба на јазиците** .

За законот не гласал и Зијадин Села, лидерот на Алијансата за Албанците. Сппоред листингот и Африм Гаши од БЕСА не гласал, но тој реагирал тврдејќи дека гласал „за“. Мендух Тачи, лидерот на ДПА не беше присутен во Собранието на вчерашната седница.

Независните пратеници Чедомир Саздовски и Амди Бајрам гласаа за овој закон.